## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“ ОД ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ И АСС. Д-Р ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВСКА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-42/4 од 106. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 23.1.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Илија Каров, редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Душан Спасов, редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за подготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА”** од **проф. д-р Саша Митрев** и **асс. д-р Емилија Костадиновска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Заштита на животната средина” од проф. д-р Саша Митрев и асс. д-р Емилија Костадиновска е конципиран и пишуван според Наставниот план и програмата за предметот Заштита на животната средина, кој се изучува како изборен предмет на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во трета година, шести семестар, како изборен предмет со неделен фонд на часови 2+2+1 и носи 6 кредити, вкупно 156 кредити. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по предметот Заштита на животната средина, е претставен во текст од вкупно 108 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за скрипта и кореспондира со бројот на часови на предметот Заштита на животната средина за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта што обработува иста содржина досега не е објавена на Универзитет „Гоце Делчев”. Нормално, материјата од некои поглавја помалку или повеќе е застапена и во другите скрипти од биолошките науки, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата ракописот е автентично дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа: прв дел: Вовед; втор дел: Проблеми со животната средина во земјоделието; трет дел: Екологија – предмет за изучување и основни поими; четврти дел: Екосистем; петти дел: Политички, институционални и технички можности за намалување на уништувањето на ресурсите; **шести дел:** Загадување и заштита на атмосферскиот воздух; **седми дел:** Поважни компоненти на атмосферскиот

воздух и нивно влијание врз живите организми; **осми дел:** Децентрализација и зачувување на биоразновидноста; **деветти дел:** Кон стратегија за предоминантната биоразновидност во агрикултурниот развој; **десетти дел**: Бизнис можности во агробиоразновидноста во агрикултурниот развој.

Во **првото поглавје** е даден краток вовед за поимот за животна средина. Авторите даваат и кратко објаснување за значењето на предметот како научна дисциплина, одржливоста и грижата за животната средина. Во ова поглавје се опфатени објаснувања за значењето во чување на животната средина, како и детално објаснување за поимите одржливост и одржлив земјоделски развој.

**Второто поглавје** дава детален опис за проблемите кои се јавуваат во животната средина, конкретно проблемите кои директно влијаат на земјоделскиот развој. Како главни проблеми кои се обработени во ова поглавје се применените на различни системи за наводнување во земјоделието, трошоците, сечењето и уништувањето на шумите, намалување на рибниот фонт, ерозија на почвата и целото влијание врз здравјето на човекот.

**Третото поглавје** ги обработува еколошките услови кои влијаат на животната средина, со посебен акцент на поимите екологија, биосфера, еколошки услови (абиотски и биотски фактори на средината), како и детален преглед за поимот биотоп. Сите овие еколошки услови детално се разработени во третото поглавје, особено како делуваат на организмот како елементарен систем на животот.

**Четвртото поглавје** дава преглед на екосистемот и на структурните елементи на екосистемот. Особено значајни односи во една животна средина се типовите на синџири на исхрана кои детално се опишани во четвртото поглавје.

**Петтото поглавје** ги обработува политичките можности за делување на намалување и уништување на ресурсите на светско ниво. Даден е детален приказ со примери од пракса како делуваат политичките проблеми, цените, субвенциите на развојот или проблемите во животната средина.

**Шестото поглавје** дава опис на можностите за загадување но и мерките за заштита на атмосферскиот воздух. Во целост се разработени главните составни делови на атмосферскиот воздух, како и примесите т.е. изворите кои предизвикуваат загадување на воздухот.

**Седмиот дел** претставува надополнување на претходното поглавје и тука се разработени поважните компоненти на атмосферскиот воздух и нивното влијание врз живите организми.

**Осмото поглавје** дава детален опис на можностите за зачувување на биоoразновидноста. Се работи за програми на меѓународно ниво кои делуваат на децентрализација и ефикасноста кон зачувување на биоразновидноста.

**Деветтото поглавје** се надоврзува на претходното, со конкретно проучување на агрикултурата и биоразновидноста, како и пристапот кон одржување на биоразновидноста на светско ниво.

Последното **десетто поглавје** дава завршен преглед во одржување на агрикултурните екосистеми.

**Цитираната литература** е современа и ги опфаќа териториите на Македонија, Европа и САД.

**ЗАКЛУЧОК**

Материјата обработена во ракописот за скрипта со наслов „Заштита на животната средина“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Заштита на животната средина, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Заштита на животната средина” од проф. д-р Саша Митрев и асс. д-р Емилија Костадиновска да биде издаден како учебно помагало – скрипта за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Илија Каров, с.р.**
**Проф. д-р Душан Спасов, с.р.**